


## Групација за лифтови –
## НЕЛОЈАЛНАТА КОНКУРЕНЦИЈА ЈА ЗАГРОЗУВА БЕЗБЕДНОСТА НА ЛУЃЕТО

Областа пуштање во промет, монтирање, сервисирање и одржувањето на лифтовите е регулирана со повеќе закони и правилници како што се: Законот за градба, Законот за техничка инспекција, Законот за безбедност на производи и други.

Иако оваа материја е регулирана со повеќе закони, не е регулирано издавањето на лиценци за монтажери и сервисери за одржувањето на лифтови, има присуство на нелојална и нестручната конкуренција која се јавува со работењето на „дивите" монтажери на лифтови.

Тоа беа клучни проблеми истакнати на состанокот на членките на Групацијата за лифтови одржан на 26.10.2012 година во Стопанската комора на Македонија.




Ваквата состојба овозможува на пазарот да се пласираат производи-лифтови со небезбедни карактеристики кои не ги исполнуваат условите за безбедност на производите.

За надминување на ваквата состојба се побара поголема активност на терен на Државната техничка инспекција, со што би се зголемила контролата на лифтовите, а неисправните лифтови да бидат ставени вон употреба како би се добила поголема сигурност на корисниците на истите, како и поголема активност на овластените тела за оценка на сообразноста.

Во расправата се истакна дека во изминатиот период има стагнирање на станбената изградба, а со тоа и стагнирање на монтирање на лифтови.

Исто така, членките побараа да се подготви договор - кодекс за минимални еснафски односи на членките на Групацијата, одржување на средби со претставници на станбените сервиси за регулирање на меѓусебните односи во одржувањето на лифтовите, како и покренување на постапка за измени и дополнувања на Правилникот за пуштање во промет на лифтови и транспортери.

Посебно се нагласи потребата за поголема информираност на јавноста преку кампањи и прес-конференции за ваквите појави за да биде објективно информирана за ваквите појави.

Војкан Николовски